Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРВИОТ ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И КОМБИНИРАНИОТ ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПЕТТИОТ НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА UNFCCC (BTR1 И BTR2/NC5)

## ПОЧЕТНА РАБОТИЛНИЦА

Скопје, 27.02.2025 година

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment
and Physical Planning

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРВИОТ ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И КОМБИНИРАНИОТ ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПЕТТИОТ НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА UNFCCC (BTR1 И BTR2/NC5)

**м-р Јоже Јовановски,**
**Раководител на проектот - УНДП**

**Скопје, 27.02.2025 година**

# Содржина:

1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ
2. ПОСТАВЕНИ НАЦИОНАЛНИ ЦЕЛИ – 2030/2050 ГОДИНА
3. ПОСТАВЕНИ ЦЕЛИ И РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ
4. СИНЕРГИЈА СО ДРУГИ ПРОЕКТИ
5. СТРУКТУРА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТОТ
6. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОЕКТОТ
7. ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ
8. ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА – РОД И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
9. ДИСКУСИЈА, СОРАБОТКА, КООРДИНАЦИЈА, ВМРЕЖУВАЊЕ, ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 1. ЛИЧНА КАРТА НА ПРОЕКТОТ:

| КЛУЧНИ ТЕМИ | КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | Развој на првиот двогодишен извештај за транспарентност и комбинираниот втор двогодишен извештај за транспарентност и петтиот национален извештај за климатските промени на Република Северна Македонија во рамките на UNFCCC (BTR1 и BTR2/NC5) |
| ПРОЕКТОТ ГО СПРОВЕДУВА | УНДП – Канцеларија во Република Северна Македонија |
| ИМПЛЕМЕНТАЦИСКИ ПАРТНЕР (ГЕФ ИЗВРШНО ТЕЛО) | МИНИСТЕСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ (МЖСПП) |
| ОДГОВОРНИ СТРАНИ ВО ПРОЕКТОТ | МАНУ, ИНЖЕНЕРСКАТА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ИНСТИТУТ ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И ПОЛИТКИ ВО ЖС И КП (IPECC) И СТРАНА ЗА ДЕЛОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕ, ШУМАРСТВО И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ (AFOLU) |
| ДОНАТОР | ГЛОБАЛЕН ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – (GEF), ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ 1,23М УСД |
| УНДП – СОЦИЈАЛЕН И ЕКОЛОШКИ СКРИНИНГ | НИЗОК РИЗИК |
| УНДП – РОДОВ МАРКЕР | GEN2 (родовата еднаквост се третира како значајна цел во проектот) |

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 1. ЛИЧНА КАРТА НА ПРОЕКТОТ:

| ВАЖНИ ФАЗИ ОД ПРОЕКТОТ | ДАТУМ |
|---|---|
| ПОЧЕТОК НА ПРОЕКТОТ | 24 ЈУЛИ 2024 ГОДИНА |
| ПОЧЕТНА РАБОТИЛНИЦА | 27 ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА |
| ИЗВЕШТАЈ ОД ПОЧЕТНА РАБОТИЛНИЦА | 28 МАРТ 2025 ГОДИНА |
| ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА СТАТУС | СЕКОЈА ГОДИНА |
| ПРЕДВИДЕН ДАТУМ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА BTR1 ИЗВЕШТАЈОТ ДО UNFCCC | СЕПТЕМВРИ, 2025 ГОДИНА |
| ПРЕДВИДЕН ДАТУМ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА BTR2/NC5 КОМБИНИРАНИОТ ИЗВЕШТАЈ ДО UNFCCC | ДЕКЕМВРИ, 2026 ГОДИНА |
| ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ | ЈУЛИ, 2028 ГОДИНА |

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 2. ПОСТАВЕНИ ЦЕЛИ ЗА С. МАКЕДОНИЈА – 2030/2050 ГОДИНА

**Амбициозни во целите:**

- ✓ Република Северна Македонија го ратификуваше Протоколот од Кјото во 2004 година, а го потпиша и ратификуваше Парискиот договор во 2016 и 2018 година, со што се обврза да преземе активна улога во глобалните напори за намалување на емисиите на стакленички гасови.
- ✓ Преку своите Засилени Национално Утврдени Придонеси (e-NDC) од 2021 година, Северна Македонија ги зајакна своите цели за стакленички гасови до 2030 година на 51% намалување на емисиите во однос на 1990 година, што е 82% нето намалување на емисиите на стакленички гасови.
- ✓ Постигнување на јаглеродна неутралност (нула емисии) до 2050 година.

**Свесни за сегашноста:**

- ❑ А, каде сме сега?  2025 година и официјални податоци за Инвентар на емисиите до 2019 година.
- ❑ Овој проект ќе го покрие периодот 2020 – 2024 година во релевантните сектори.
- ❑ Според бројките од 2019 година, ни престои многу работа за постигнување на целите!

# 3. ПОСТАВЕНИ ЦЕЛИ И РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ

Проектот е подготвен во согласност со Стратегијата за фокусна област на ГЕФ-8 за климатски промени (CC Set-aside) и т.н. поврзаното програмирање/Столб II: Поттикнување на услови за вклучување на мерките за ублажување во стратегиите за одржлив развој/Цел 2.2 Поддршка на релевантните обврски од Конвенцијата и овозможувачките активности и следење на целите и задачите.

**Непосредна цел на проектот:** „Проектот ќе и овозможи на Република Северна Македонија да го подготви и поднесе првиот двогодишен извештај за транспарентност (BTR1) како самостоен извештај и Вториот двогодишен извештај за транспарентност и Петтиот национален извештај за климатските промени (BTR2/NC5) како комбиниран извештај, за да ги исполни своите обврски за известување според Рамковната конвенција за климатски промени и Парискиот договор, според модалитетите, процедурите и упатствата (MPGs) за транспарентна рамка за акции и поддршка, наведена во член 13 од Парискиот договор (Одлука 18/CMA.1) и упатството за операционализација на MPGs според Одлуката 5/CMA.3“.

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

UNDP

# 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ

## 1. РАЗВОЈ НА ПРВИОТ ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ (BTR1)

1.1. BTR1 за Република Северна Македонија развиен како самостоен извештај.

1.1.1. Национален извештај за инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови (GHG) ажуриран до 2022 година, за секторите енергија, индустриски процеси и употреба на производи (IPPU), промена во земјоделство, шуми и користењето на земјиште (AFOLU) и отпад со користење на Ревидираните упатствата од 2023 година на упаствата од Меѓувладиниот панел за климатски промени (IPCC) од 2006 година за национални инвентари на стакленички гасови (верзија 2.861 од јуни 2023 година).

1.1.2. Обезбедени информации неопходни за следење на напредокот постигнат во спроведувањето и постигнувањето на Национално утврдените придонеси (NDC) до 2022 година, вклучително и проценки за намалени емисии.

1.1.3. Обезбедени информации поврзани со влијанијата на климатските промени и адаптација до 2022 година.

1.1.4. Потребна и обезбедена поддршка и други релевантни информации, вклучувајќи ги аспектите за родова еднаквост.

1.1.5. BTR1 составен, усвоен низ транспарентен и партиципативен процес и доставен до UNFCCC до септември 2025 година.

# 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ

## 2. РАЗВОЈ НА ВТОРИОТ ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПЕТТАТА НАЦИОНАЛНА КОМУНИКАЦИЈА (BTR2/ NC5)

2.1. BTR2/ NC5 за Република Северна Македонија развиен како комбиниран извештај.

2.1.1. Национален извештај за инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови (GHG) ажуриран до 2024 година, за секторите енергија, индустриски процеси и употреба на производи (IPPU), промена во земјоделство, шуми и користењето на земјиште (AFOLU) и отпад со користење на Ревидираните упатствата од 2019 година на упаствата од Меѓувладиниот панел за климатски промени (IPCC) од 2006 година за национални инвентари на стакленички гасови.

2.1.2. Обезбедени информации неопходни за следење на напредокот постигнат во спроведувањето и постигнувањето на Национално утврдените придонеси (NDC) до 2024 година, вклучително и проценки за намалени емисии.

2.1.3. Обезбедени информации поврзани со влијанијата на климатските промени и адаптација до 2024 година.

2.1.4. Потребна и обезбедена поддршка и други релевантни информации, вклучувајќи ги аспектите за родова еднаквост.

2.1.5. BTR2/NC5 составен, усвоен низ транспарентен и партиципативен процес и доставен до UNFCCC до декември 2026 година.

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment
and Physical Planning

# 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ – СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАИТЕ

| Biennial Update Reports BUR | National communications NC | Biennial transparency reports BTR |
|---|---|---|
| • National greenhouse gas inventory | • National greenhouse gas inventory | • National greenhouse gas inventory |
| • Mitigation actions and their effects | • Programmes containing measures to mitigate climate change | • Progress made in implementing and achieving NDCs |
| | • Programmes containing measures to facilitate adaptation to climate change | • Climate change impacts and adaptation (as appropriate) |
| • Finance, technology and capacity-building needs | • Transfer of technology<br>• Research and systematic observation<br>• Education, training and public awareness<br>• Capacity-building<br>• Information and networking<br>• Constraints and gaps, and related financial, technical and capacity-building needs | • Financial, technology transfer and capacity-building support needed and received<br><br>*Flexibility* ⟷ *Areas of improvement* |
| Cancun Agreements (1/CP.16) and Durban Outcomes (2/CP.17) | Article 4.1 and 12.1 of the Convention; decision 17/CP.8 | Article 13 of the Paris Agreement; decisions 18/CMA.1, 5/CMA.3 |

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 3. ПОЗНАЧАЈНИ КОНКРЕТНИ ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ

- Национален инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови (GHG) ажуриран до 2022 година, за секторите енергија, индустриски процеси и употреба на производи (IPPU), промена во земјоделство, шуми и користењето на земјиште (AFOLU) и отпад,

- Национален инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови (GHG) ажуриран до 2024 година, за секторите енергија, индустриски процеси и употреба на производи (IPPU), промена во земјоделство, шуми и користењето на земјиште (AFOLU) и отпад (ажурирани податоци на емисиите за периодот 2024 – 1990 г),

- **Компилиран, усвоен и доставен Прв двогодишен извештај за транспарентност (BTR2) и како самостоен извештај,**

- **Компилиран, усвоен и доставен Втор двогодишен двогодишен извештај за транспарентност (BTR1) и Петти национален извештај за климатските промени на Република Северна Македонија (NC5) како комбиниран извештај,**

- Анализа на ранливоста на климатските промени до 2022/2024 година,

- Извештај за загуби и оштети (loss and damages) од климатските промени,

- Развиени политки и мерки за митигација,

- Методологија за локална адаптација и мерки за адаптација,

- Препораки за усогласување на известувањето кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени и кон ЕУ, како и усогласување за известувањето според Национално утврдените придонеси (NDC),

- Извештај за досегашното спроведување на NDC и Извештај за транспарентснот и известување за NDC, придонес кон новите NDC,

- Извештај за зајакнување на националните капацитети и предлог за организација за спроведување на обврските согласно Законот за климатска акција (во процедура),

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

## 3. ПОЗНАЧАЈНИ КОНКРЕТНИ ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ

- Извештај за спроведување на препораките од претходните извештаи и препораки за иновативни техологии, дигитализација, green cooling, инфрастуктура отпорна на климатски промени и сл.,
- Развиен извештај за потребите од технолошко-иновативен развој (Technology Needs Assessment),
- Изработен План за управување со знаењето (Knowledge Management Plan),
- Вклучување на младите во коалиција со климатската акција преку различни форми на соработка и иновативни алатки,
- Детален План за обуки за релевантните чинители,
- Операционализација на Платформата за мониторинг, известување и верификација (MRV),
- Извештај за изворите на финансирање и поддршка за спроведување на Означување на буџетот за климата (Climate Budget Tagging) и други аспекти поврзани со финансирањето,
- Извештај со предлози за вклучување на климатски промени во високото обрзование,
- Активности за подигање на јавната свест, анкети, истражувања и публикации,
- Развиен Транспаретен и партиципативен процес во донесувањето на одлуките, вклучително од сите чинители, со акцент на учество на НВО и младите,
- Следење на процесот и помош во вклучување на климатските промени во стратегиите, плановите и развојните документи,
- Поддршка на С. Македонија во процесот на известување и аплицирање на коментарите и препораките од телата на конвенцијата,
- Акциски план за родот и климатските промени.

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment
and Physical Planning

# 4. СИНЕРГИЈА СО ДРУГИ ПРОЕКТИ

| НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|---|
| “Implementation of the priority actions in climate change sector, Reference number: NEAR/SKP/2022/EA-RP/0108” | Implementation period: 30 months, started in 2024.<br>Implemented by: JV WEglobal S.R.L Italy and other. |
| “National Development Strategy 2023-2043“ | Implementation period: 2021-2025, Implemented by: UNDP and Government of R. North Macedonia. |
| “North Macedonia Integrating Climate Change Perspectives into Fiscal Policy” | Implementation period: 2022-2023, Implemented by: World Bank |
| “Climate Proofing for Sustainable Development in the Western Balkans” (second phase) | Implementation period: 2023-2027, Implemented by: UNEP |
| “Capacity-building Initiative for Transparency – Global Support Programme (CBIT-GSP)” | Implemented by: UNEP |
| “Support to the update of the National Energy and Climate Plan of North Macedonia (2025-2030)” | Funded by Europeran Union, Implemented by Hrvoje Pozar Institute and OCA Global and the Ministry of Energy, Mining and Mineral Resources |
| Growth Acceleration Plan, 2022-2026 and other relevant projects | Ministry of Finance and Prime Minister’s Office, Government of the Republic of North Macedonia, September 2021 |

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 4. СИНЕРГИЈА СО ДРУГИ ПРОЕКТИ

| НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|---|
| “Green Cities Facility Project” | Implementation period: 2018 – 2034, Implemented by: EBRD |
| “TRATOLOW - (Transition towards low emissions and climate-resilient economy in the Western Balkans and Turkey)” | Implementation period: 2020-2023<br>Implemented by: European Union, represented by the European Commission Directorate General Climate Action. |
| “Just Transition Diagnostic project” | Implementation period: 2012-2023<br>Implemented by: EU Delegation, in coordination with EBRD and the Government of North Macedonia |
| “EU4 Green Recovery” | Implementation period: 2022-2028. Implemented by: Umweltbundesamt GmbH (UBA) |
| “Further strengthening the capacities for effective implementation of the acquis in the field of industrial pollution”- twining project | Implementation period: 2023 - 2024<br>Implemented by: the European Union, the Greek Government and the Center of International and European Economic Law |
| “Green Financing Facility to Improve Air Quality & Combat Climate Change in North Macedonia” | Implementation period: July 2020 – March 2026 (2020-2021 prep phase) Implemented by: UNDP |
| “Climate Promise North Macedonia - From Pledge to Impact” | Implementation period: 2022-31 March 2024 Implemented by: UNDP |
| “National Adaptation Plan” | Implementation period: 3 years. It is expected to commence in the first quarter of 2025. Implemented by: UNDP |

# 5. УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТОТ

## Придонес кон SDG 13 – климатска акција - Рамка за резултати од проектот

| Индикатори за проектот | Почетна состојба | Среднорочна цел | Крајна цел |
|---|---|---|---|
| Задолжителен индикатор 1: # директни корисници на проектот поделени по пол (индивидуи) | 50 (најмалку 50% жени) | НП | 400 (најмалку 50% жени) |
| Индикатор 2: Првиот двогодишен извештај за транспарентност на с. Македонија доставен до UNFCCC како самостоен извештај, вклучувајќи податоци поврзани со род | 0 | 1 | НП |
| Индикатор 3: # на обуки организирани за специфични BTR аспекти | 0 | 5 | 10 |
| Индикатор 4: BTR2/NC5 на С. Македонија доставен до UNFCCC како комбиниран извештај, вклучувајќи податоци поврзани со родот | 4 национални комуникации поднесени до UNFCCC | НП | BTR2/NC5 доставен до UNFCCC како комбиниран извештај |
| Индикатор 5: # произведени алатки за знаење, врз основа на Планот за управување со знаење (KM) на проектот | 0 | 2 | 4 |
| Индикатор 6: Национален извештај за инвентар (NIR) доставен до UNFCCC како посебен документ | 0 | 1 (NIR опфаќа период 1990-2022 година доставен до UNFCCC како посебен документ) | 2 (NIR опфаќа период 1990-2024 година доставен до UNFCCC како посебен документ) |
| Индикатор 7: Изготвени извештаи за следење на проектот | 0 | НП | 6 |
| Следење и евалуација (M&E) на проектот, согласно Планот за M&E во проектот | | | |

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 5. УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТОТ – План за следење и евалуација

**Следењето и евалуацијата ќе бидат преземени во согласност со барањата на УНДП како што е наведено во Програмата и оперативните политики и процедури на УНДП (POPP) (вклучувајќи ги и упатствата за GEF ревизии на проектот) и Политиката за евалуација на УНДП. Ќе се преземат дополнителни задолжителни барања за GEF M&E специфични во согласност со GEF Политиката за мониторинг, GEF Политиката за евалуација и другите релевантни политики на GEF.**

| КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ | ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ |
|---|---|
| Почетна работилница и извештај | Почетна работилница 2 месеца по прва исплата (12.2024) и Извештај по еден емсец (03/25) |
| Следење на прогресот на резултатите од проектот | Годишно, среднорочно и на крај на проектот |
| Следење и управување со ризици | Квартално |
| Следење на спроведување на проектните планови (родови акциони планови, план за управување со знаење (КМ), план за комуникација) | Годишно |
| Годишно следење на квалитетот на проектот | Годишно |
| Преглед и корекции на проектните резултати и активности | Најмалку на годишно ниво |
| Преглед на проектот (Одбор за управување со проектот – Project Board) | Најмалку еднаш годишно (препорачливо два пати) |
| Завршна работилница за проектот и Завршен извештај | Пред крај на проектот и одобрени од P. Board |

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 6. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОЕКТОТ






Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 6. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ – ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТОТ

**Двете главни (задолжителни) улоги:**

1) Надзор на високо ниво за извршувањето на проектот од страна на Имплементацискиот партнер. Ова е примарна функција на проектниот одбор и вклучува годишни (и по потреба) проценки на сите големи ризици за проектот и одлуки/договори за какви било активности на управување или мерки за поправка за нивно ефикасно справување. Проектниот одбор ги прегледува доказите за напредокот на проектот врз основа на мониторинг, евалуација и известување, вклучувајќи извештаи за напредок, проценки, регистар на ризици и комбиниран извештај за изврешни активности.

2) Одобрување на одлуките за стратегиско извршување на проектот на Имплементацискиот партнер со цел да се проценат и управуваат ризиците, да се следи и да се обезбеди постигнување на проектираните резултати и влијанија и да се обезбеди долгорочна одржливост на одлуките за извршување на проектот (како што е објаснето во делот „Управување со промени“ на оперативните процедури - POPP).

Претставници во Одборот ќе бидат највисоки раководни лица од МЖСПП, Мин. за европски прашања и УНДП.

(дискусија дали треба и други институции како МЕРМС и др.)

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 6. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ – ИМПЛЕМЕНТАЦИСКИ ПАРТНЕР - МЖСПП

**Имплементацискиот партнер (МЖСПП) е одговорен за извршување на овој проект.**

Специфични задачи:

- Планирање, координација и управување со проектот, обезбедување на сите потребни информации и податоци неопходни за навремено, сеопфатно и засновано на докази известување за проектот, вклучувајќи резултати и финансиски податоци, доколку е потребно
- Надгледување на управувањето со проектните ризици, како и со нови ризици што може да се појават при спроведувањето на проектот
- Одобрување и потпишување на повеќегодишниот работен план
- Одобрување и потпишување на комбинираниот извештај за проегрес на крајот на годината; и
- Потпишување на финансискиот извештај или одобрението за финансирање и потврдата за расходи.

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 6. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ – ОДГОВОРНИ СТРАНИ (4)

**Идентификувани се четири одговорни страни за овој проект:**

1. **Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ):** да се развие/ревидира/подобри инвентарот на стакленички гасови во секторите енергија, IPPU и отпад, составување на национални извештаи за инвентар (NIRs), моделирање на проекции на стакленички гасови, идентификување и известување за политиките и мерките за ублажување на климатските промени во споменатите сектори;

2. **(AFOLU - да се потврди):** да се развие/ревидира/подобри инвентарот на стакленички гасови во секторите земјоделство, шумарство, друга употреба на земјиштето (AFOLU) и сточарство; да ги идентификува и пријави политиките за ублажување и адаптација на климатските промени и да ја процени ранливоста на секторите AFOLU на климатските промени;

3. **Инженерска институција на Македонија:** да се поддржи развојот на поглавјето за истражување и иновации, да се развие проценка на потребите од технологија и да се поддржи вклучувањето на климатските промени во образованието;

4. **Институт за добро владеење и политики во животната средина и климатските промени – Скопје (IPECC):** да го поддржи развојот на дел од секундарното законодавство за климатски промени, ефикасно спроведување на MRV за климатските политики и акции, промовирање на дијалогот помеѓу невладиниот сектор, бизнис заедницата, државата и локалните власти, идентификување/споделување на добри практики и поддршка на развојот на препораки за политики во областа, тренинг план и јакнење на капацитетите.

# 7. ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

**Ефективниот ангажман со клучните засегнати страни и процесите на консултации се сметаат за клучни за успехот на проектот.**

**Засегнатите страни вклучени во проектот се претставени преку:**

- **Кабинет на Претседателот, Влада, владини министерства и агенции, дирекции, управи, јавни претпријатија, институти, регулаторна комисија и др.**
- **Локални власти и асоцијации (ЗЕЛС, АДКОМ и др.)**
- **Невладини организации (климатски промени, младински организации и форуми, здруженија на земјоделци и сточари и сл.),**
- **Академска заедница (МАНУ, факултети, институти, истражувачки центри и сл.)**
- **Приватниот сектор (стопански комори, компании, и сл.)**
- **Меѓународни организации (UN организации, СБ, ЕБОР, ГИЗ, ФАО и други)**
- **Делегација на ЕУ во С. Македонија**
- **Претставници од други тековни проекти во областа, експерти од областа**
- **Медиуми (вклучително портали, социјални мрежи и др.)**

**За време на имплементацијата на проектот, засегнатите страни ќе бидат ангажирани на различни начини: тематски работилници, целни обуки, билатерални состаноци, дискусии за политики за релевантни климатски политики и акции, истражувања, релевантни регионални иницијативи, експертиза, јакнење на капацитетите и сл.**

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# 8. ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА – РОД И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- **Република Северна Македонија и досега има направено многу во областа, - прва земја во регионот која номинираше фокал поинт за род за UNFCCC, (од Министерството за труд и социјална политика)**

- http://gendermap.klimatskipromeni.mk/
- Policy brief
- Gender and Climate Change training package
- Macedonian Woman paving the way for Climate Change and
- Gender & Climate: How hot does it have to get for change?

**СО ОВОЈ ПРОЕКТ:**

**- ќе примени „РОДОВО ОДГОВОРНА НАЦИОНАЛНА КОМУНИКАЦИСКА АЛАТКА" развиена од Програмата за глобална поддршка (GSP) преку УНДП во соработка со УНЕП и ГЕФ.**

- **Ќе се спроведе преглед и родова анализа во сите области - и вклучување на засегнатите страни кои ги тангираат родовите прашања во однос секторите- за да се процени и разбере каде е потребна подлабока анализа и акција.**

- **ќе го поттикне активното учество на жените и мажите во процесите на донесување одлуки.**

- **ќе обезбеди градење капацитети во однос на целта и содржината на NC/BTR, родовите прашања во животната средина и нивната улога во процесите на NC/BTR, доколку е потребно. Се очекува да се обезбеди најмалку 51% учество на жените во процесите на вклучување на засегнатите страни.**

- **ќе ги финализира сите нацрт анализи за родова еднаквост и ќе изработи АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ.**

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment
and Physical Planning

**ВАЖЕН ДЕЛ – ПРАШАЊА И ДИСКУСИЈА НА ПОЧЕТНАТА РАБОТИЛНИЦА**

- **ПОЧИТУВАНИ ОБЕЗБЕДЕНО Е ДОВОЛНО ВРЕМЕ ЗА СЕКОЕ МИСЛЕЊЕ И/ИЛИ ПРАШАЊЕ –**

## - ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ИНТЕРЕСОТ И ВНИМАНИЕТО –


**Претставници од УНДП:**

- **Анита Коџоман - anita.kodzoman@undp.org**
- **Дарко Црвенковски - darko.crvenkovski@undp.org**
- **Јоже Јовановски - jozhe.jovanovski@undp.org**
- **Александра Живковиќ – aleksandra.zivkovic@undp.org**


**Интернет страници:**

- **www.moepp.gov.mk**
- **www.undp.org**
- **www.klimatskipromeni.mk**

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

# ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРВИОТ ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И КОМБИНИРАНИОТ ВТОР ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПЕТТИОТ НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА UNFCCC (BTR1 И BTR2/NC5)

---

## ПОЧЕТНА РАБОТИЛНИЦА

## - ДЕЛ ЗА ПРАШАЊА И ДИСКУСИЈА -

Скопје, 27.02.2025 година